SMSVAGA

patented

# ПОЛНЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА АКУМУЛАТОРОТ

SMS Вага · упатство за одржување

Гел акумулаторот ја напојува SMS Вага во текот на целата сезона. Како се полни и како се чува преку зимата одлучува дали ќе трае една сезона или неколку.

Ова е поглавје 11 од упатството за SMS Вага, издвоено за да може да стои покрај акумулаторот.

Издание 3.5.5

smsvaga.com

OPTICAL d.o.o. · Kruševac

## Полнење на акумулаторот

Гел (оловниот) акумулатор се полни исклучиво со полнач наменет за гел и AGM акумулатори, со автоматска регулација на напонот. Обичните автомобилски полначи немаат таква регулација и можат трајно да го оштетат акумулаторот.

| Што се ограничува | Граница |
| --- | --- |
| **Напон на полнење** | најмногу 14,4 V |
| **Струја на полнење** | најмногу 2 A |
| **Траење на полнењето** | обично 6 до 12 часа |

Колку ќе трае полнењето зависи од капацитетот на акумулаторот и од тоа колку бил испразнет. Полнењето е завршено дури кога полначот тоа ќе го покаже — додека трае, обично свети црвена ламбичка, а кога акумулаторот е полн, се вклучува зелена.

Акумулаторот се полни во сува и проветрена просторија, на температура над нула. Прво се поврзуваат клемите — црвената на плус, црната на минус — а дури потоа полначот се вклучува во струја.

> За време на полнењето и за време на чувањето акумулаторот задолжително стои исправено. Положен акумулатор губи електролит и трајно слабее.

**Полнење на гел акумулатор во исправена положба**




## Чување преку зимата

По завршувањето на пчеларската сезона извадете го акумулаторот од вагата, исчистете ги клемите и наполнете го докрај. Чувајте го на суво и ладно место, најдобро на температура од 5 до 15 °C.

> Никако на мраз. Испразнет акумулатор на ниски температури може да замрзне и да пукне.

Оловните акумулатори со време сами се празнат, па акумулаторот преку зимата дополнувајте го на секои два месеца. Никогаш не оставајте го празен — стоењето во испразнета состојба предизвикува сулфатизација на плочите и трајно намалување на капацитетот.

Пред новата сезона наполнете го докрај. Исправен, полн 12 V гел акумулатор во мирување покажува околу 12,8 V. Редовно одржуван акумулатор трае повеќе сезони и обезбедува сигурна работа на SMS Вага во текот на целата паша.